Република Северна Македонија

**Министерство за транспорт и врски**

Сектор за уредување на просторот

22 март, 2023

**Архивски број : 67-689/7**

Врз основа на член 69 од Законот за животна средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 171/22), како и член 3 од Уредбата за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и програми од областа на животната средина („Сл. Весник на Република Македонија" бр. 147/08), Министерот на Министерство за транспорт и врски организира

**ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И РАСПРАВА ПО**
**Нацрт извештај за стратегиска оцена на влијанието на животната средина за урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за изградба на „Меѓурегионална депонија за комунален отпад -централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе**

Се известуваат граѓаните, правните и физички лица дека се организира Јавна презентација и расправа за Нацрт Извештај за Стратегиска оценка на влијанието врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе.

**Јавната презентација и расправа на Извештајот за стратегиска оцена на животната средина ќе се одржи на ден 10.04.2023 година (понеделник) во 16:00 часот, во просториите на Меѓународниот Славјански Универзитет во Свети Николе.**

Одлуката за спроведување Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе, е донесена на 08.07.2022 и може да се погледне на следниот линк: http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-159 .

Нацрт Извештајот за Стратегиска оценка на влијание врз животната средина од Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе, беше објавен на 23.11.2022 година на web страната на


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk

Министерството за транспорт и врски ( http://mtc.gov.mk/Sozzs/test-197 ) и се уште може да се погледне на истиот линк.

Нацрт Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за изградба на "Меѓурегионална депонија за комунален отпад – централна постројка за управување со отпад лоцирана во општина Свети Николе" КО Мечкуевци, општина Свети Николе беше објавен на 07.11.2022 година на web страната на Министерството за транспорт и врски (http://mtc.gov.mk/Javen%20uvid/test-194) и се уште може да се погледне на истиот линк.

Министерството за транспорт и врски ја информира заинтересираната јавност дека до 25.04.2023 година сите заинтересирани можат да ги доставуваат своите забелешки, мислења и сугестии до Министерството за транспорт и врски, ул. Плоштад Црвена Скопска Општина бр.4, 1000 Скопје, или на електронските адреси на Министерството за транспорт и врски: aleksandar.karangelov@mtc.gov.mk и vesna.markovska@mtc.gov.mk.

**МИНИСТЕР**
**БЛАГОЈ БОЧВАРСКИ**

Изработил: Александар Карангелов, диа

Проверил: Илина Лалков, диа
Помошник раководител на сектор за уредување на просторот


Министерство за транспорт и врски на Република Северна Македонија
Ул. „Црвена Скопска Општина " бр.4, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3145 497
www.mtc.gov.mk